# ПРОЕКТ ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

во соработка со

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЗАШТИТНИ ЗНАЦИ НА МАКЕДОНСКИТЕ ПАРИ



**Како што е познато, единствено законско средство за плаќање во Република Македонија е денарот, а Народната банка на Република Македонија има ексклузивно право за печатење и издавање банкноти во Република Македонија.**
**Секоја банкнота има заштитни елементи за да не може да се фалсификува. Но дали знаете како изгледаат заштитните елементи на македонските банкноти?**
**Еве ги македонските банкноте што се во оптек:**



**Сите банкноти содржат повеќе заштитни елементи:**



**воден печат, заштитен конец, интаглио печат, скриена слика, микротекст, двоен пасер и оптички варијабилна боја.**

**Овие заштитни елементи се употребуваат за да се заштитат банкнотите од фалсификување или од незаконско правење копии на оригиналните банкноти.**

За прашањето објавено во записот МОНЕТИ И БАНКНОТИ, награди добија:
Ангела Трпчевска 7 одд., ОУ „Кирил Пејчиновиќ“, Скопје – касичка
Марија Србиновска 7–в одд. ОУ „Д. Миладинов“, Скопје – паричник
Симеон Маркоски 7–1 одд., ОУ „Мирче Ацев“, Скопје – сложувалка

## Вака изгледаат заштитните елементи на банкнотите од 500 денари:





**Воден печат**
Регистарски воден знак во три димензии со претстава на погребна маска



**Интаглио печат**
Мултиколор интаглио печат на текстот и гравурата.



**Заштитен конец**
2 мм широк конец со прозорец, со видлив микро текст НБРМ.



**Скриена слика**
Во долниот дел на главниот мотив – маската, под посебен агол се појавува кратенка НБРМ.



**Микро текст**
Во тенка линија над текстот НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.



**Асиметрична нумерација**
Сите броеви и букви се со различна големина.



**Интаглио**
Метална златна боја (на допир се чуствува) со вграден број 500 во долниот десен агол.



**Двоен пасер**
Античка обетка чиј што цртеж е составен од два дела, кои се покриваат ако се гледа наспроти светлост.



**Иридисцентна боја**
Обоена лента со метален слој каде под одреден агол се гледа знамето на Р Македонија и бројот 500.



**Метална фолија**
Во внатрешноста на металната фолија има релјефно втиснат број 500, апликација на обетка – антикопирен елемент.

Илустрации: Ивона Мицевска

**Наградно прашање:**
**Наброј најмалку четири заштитни елементи на македонските банкноти!**

Купон
НАШ СВЕТ (монети)
ДЕТСКА РАДОСТ
ул. „Димитрие Чуповски“, бр.15
1 000 Скопје

Точниот одговор на прашањево (заедно со вашето име, презиме, одделение, училиште и град) испратете го на нашата адреса најдоцна до 20 мај. Тројца најсреќни учесници ќе добијат награда, а нивните имиња ќе ги објавиме во НАШ СВЕТ бр. 35.